**ЗАПИСНИК**
**од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.09.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Маја Дамевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Ајдини се наоѓа во странство и дека е приклучен на седницата, може да ја гледа и да ја слуша но поради технички причини Советот ќе може само преку аудио врска да го слушне без видео приказ.

Г-дин Трајчевски во врска со предложениот Дневен ред објасни дека во овој момент, во 15:30 часот радиодифузерот ТВ Кобра ги уплатил преостанатите средства од 50% од сумата која што не беше уплатена за годишниот надоместок за дозволата и од таа причина објасни дека Точка 2 - Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ Кобра од Радовиш треба да се повлече.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“ (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска) го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2023 година.
2. Предлог-одлука за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на градот Скопје.
3. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски го одложи усвојувањето на предложениот Записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2023 година, поради технички причини.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одбивање на писмено барање од заинтересирана страна за донесување Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на подрачјето на градот Скопје. Објасни дека во месец август физичко лице поднесе Барање за доделување дозвола за радио емитување на регионално ниво на територија на град Скопје. За таа цел АВМУ службено се обрати до АЕК која е надлежна за менаџирање на фреквентниот спектар. Во текот на вчерашниот ден се доби известување дека нема слободни фреквенции за регионот Скопје и согласно добиениот одговор се предлага да се донесе Одлука со која се одбива писменото Барање.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Ајдини беше преку аудио врска) донесе Одлука со која се одбива писменото Барање од заинтересираната страна, физичко лице од Скопје (наш Уп1 бр.08-3212/1 од 17.08.2023 г.), за донесување одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на регионално ниво на подрачјето на град Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна фреквенција за радио емитување на програмски сервис на регионално ниво на подрачјето на градот Скопје, односно нема можност за определување на нова фреквенциска доделба.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече се надева дека граѓанинот ќе биде упорен и во иднина кога ќе се создадат услови повторно ќе поднесе ново Барање.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3557/3

09-10 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**